ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување

Франклин Рузвелт 51а/26,
1000 Скопје, Македонија

тел. +38923290395
факс. 02/ 2556002

# Политика на приватност

## 1. Контакт-податоци на контролор на збирки на лични податоци

ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување со седиште на ул. „Франклин Рузвелт" бр.51а/26 Скопје, e-mail: hera@hera.org.mk

## 2. Офицер за заштита на лични податоци

Офицер за заштита на лични податоци во ХЕРА е лицето Магдалена Арсовска.

Контакт-информации: magdalena.arsovska@hera.org.mk | (02) 3290 395

За дополнителни информации и/или остварување на Вашите права за заштита на лични податоци, можете да го контактирате нашиот Офицер за заштита на лични податоци.

## 3. Цели и правна основа за обработка на Вашите лични податоци

А) ХЕРА, во рамките на своите проектни активности, врши собирање, чување и обработка на лични податоци, поради што се јавува во улога на Контролор на лични податоци.

Личните податоци кои ги обработуваме на дел од корисниците на услугите се: име и презиме, место на живеење, ЕМБГ и број на лична карта (доколку ја имаат), заради добивање на одредени услуги кои нашата организација ги нуди. На пример, при добивање на резултати од ПАП-тестови, при изработка на правни акти/документи во име на клиентите во кои задолжително се заведуваат лични податоци (жалби, тужби, изјави, претставки итн.), како и во делот на помош при пополнување обрасци за остварување на права од областа на социјалната заштита.

Клиентите кои немаат потреба од горенаведените услуги, а кои користат услуги на правно советување, останати гинеколошки услуги, дерматовенеролошки прегледи, други социјални услуги, психотерапија и слично, се заведуваат под шифри, при што нема прибирање и обработка на горенаведените лични податоци.

ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување
Франклин Рузвелт 51а/26,
1000 Скопје, Македонија
тел. +38923290395
факс 02/ 2556002

Б) ХЕРА врши обработка на личните податоци од веб-страницата во согласност со соодветните законски основи (политика за колачиња), и тоа со давање на согласност од Ваша страна за користењето на „колачиња“ на веб-страницата.

В) Податоци кои субјектите доброволно ги доставуваат преку е-пошта

Лични податоци кои ги прибираме се и оние кои Вие доброволно ги доставувате во случај на испраќање на електронска порака директно на нашите е-маил адреси оставени како контакт на веб-страницата. Со испраќање на ваква електронска порака до нашите електронски адреси, како податок ја прибираме Вашата е-адреса, а дополнително и другите информации кои Вие доброволно сте ги споделиле со нас како содржина на електронската порака.

Г) ХЕРА врши обработка на лични податоци на вработените, волонтерите, апликантите за работа, надворешните соработници и учесниците во активности во согласност со Законот за заштита на лични податоци.

Личните податоци се собираат, обработуваат и чуваат во согласност со одредбите од Законот за заштита на лични податоци и подзаконските акти. Личните податоци не се обработуваат за ниту една друга цел, освен за целта заради која се собрани.

## 4. Во кои рокови ги чуваме Вашите лични податоци?

Податоците кои ги собираме се чуваат во согласност со закон и со уредени интерни акти на ХЕРА.

## 5. Како ги чуваме и заштитуваме Вашите лични податоци?

ХЕРА ги обработува Вашите лични податоци во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци. Личните податоци се заштитени од неовластен пристап, откривање, употреба, менување или уништување. Податоците се чуваат во нашите деловни простории.

Ниту ХЕРА ниту давателите на услуги нема да ги проследат Вашите податоци на користење на трети страни, освен ако за тоа има согласност од Ваша страна или постои законска обврска.

Нашите вработени се обврзани да работат во согласност со интерните акти за заштита на лични податоци и со Законот за заштита на лични податоци, а истата обврска ја имаат и давателите на услуги.

## 6. Кои се Вашите права?

Вашите права во однос на обработката на лични податоци се:

- право на информирање;
- право на пристап;
- право на исправка и бришење на личните податоци;
- право на ограничување на обработката на личните податоци;
- право на преносливост на податоците;
- право на приговор за обработката;
- право на повлекување на согласноста;
- право на поднесување на барање до Агенцијата за заштита на личните податоци според член 97 од Законот за заштита на личните податоци.

За дополнителни информации и/или заради остварување на Вашите права за заштита на лични податоци, можете да го контактирате нашиот Офицер за заштита на лични податоци.

Доколку сметате дека начинот на кој ХЕРА ги обработува Вашите лични податоци ги повредува одредбите на Законот за заштита на личните податоци, можете да нè контактирате и да ги остварите Вашите законски права за заштита на личните податоци.

## 7. Промена на политиката за приватност

Оваа Информација за обработката на личните податоци ХЕРА може да ја менува и надополнува, по потреба или при промена на законските одредби. Важечката верзија на Информацијата за обработката на личните податоци секогаш ќе биде објавена и јавно достапна на веб-страницата на ХЕРА.